# JUB МАГАЗИН

Бесплатен Информативен магазин на ЈУБ д.о.о.е.л Скопје Октомври 2008

Од наш агол - саем за градежништво 2008 •
ЈУБ дружење - ГУЧА 2008 •
Од наш агол - саем за градежништво 2008 •
Во фокусот: полудисперзни и дисперзни бои за ентериери •




Број 1



JUB Словенија
1875 година

JUB Словенија
денес





JUB Србија

## JUB низ времето

Фабриката ЈУБ е основана уште далечната 1875 година, во местото Дол блиску до Љубљана.
Основна дејност на фабриката е производство на материјали за завршни работи во градежништвото.
Низ годините фабриката постојано расте, како со волумен на производство така и со број на вработени, годишен промет, број на купувачи и слично. Таа помина низ многу промени, но ја издвојуваме 1991 година, кога фабриката стана акционерско друштво, во сопственост на вработените. Со приватизацијата фабриката доживува целосна ренесанса, така што денеска ЈУБ е фабрика која може да се пофали со најсовремена технологија, со целосно автоматизирано производство, складирање и испорака.
Следејќи ги европските трендови, ЈУБ е фабрика која е препознатлива по своите водорастворливи производи, со извонреден квалитет, но и со највисоки еколошки карактеристики.

Во историјатот на ЈУБ, како една од најзначајните години ја издвојуваме и 2001 година, кога во Шимановци, блиску до Белград е основана првата фабрика на ЈУБ надвор од границите на матичната држава-Словенија. Отварањето на оваа фабрика овозможи зголемување на обемот на производство како и проширување на деловните партнери и земјите увознички на ЈУБовите производи. Така, денеска ЈУБ може да се пофали со производство од 139.000 тони, од кои што 77% се извезуваат во 21 држава.
Една од државите во кои ЈУБ делува е и Македонија.
Продажбата во Македонија датира од многу одамна, но со зголемувањето на продажбата се создаде потреба од основање на фирма во Македонија, која ќе се занимава со увоз на ЈУБовите материјали од матичните фабрики, но и со техничко комерцијална поддршка на трговците, изведувачите и крајните корисници.
Така во 2006 година се основа ЈУБ д.о.о.е.л. Скопје, која по пример на своите матични фирми, секојдневно бележи успеси, за кои што ќе се трудиме да ве информираме во секој од наредните броеви на нашиот ЈУБ магазин.

# ВОВЕД

*Почитувани соработници,*
*наши пријатели,*



**Кирил Бошков**
*дипл. економист*

Со желба што повеќе да Ви се доближиме, решивме да Ви се обратиме на овој начин, преку првиот број на нашиот весник ЈУБ магазин.

ЈУБ магазинот им е наменет на сите оние на кои боите им се меѓу најважните полиња на интерес, професионално - молери, трговци, архитекти, проектанти, инвеститори, но и за свои потреби.

Боите стануваат сé поважна работа во внатрешното и надворешното уредување на просторот.

Работата на молерите веќе не се сведува на едноставно боење во бело, туку од молерите сé повеќе се бара да препорачуваат нијанси, комбинации на бои и тонови, како и примена на најразлични техники на декорирање, кои се граничат со уметност.

Во процесот на уредувањето на домовите сé повеќе инвеститори ги вклучуваат и проектантите и архитектите, за разлика од порано кога нивната стручност и знаење беше занемарувана, а нивната улога ја играа самите инвеститори.



JUB Македонија




Трговците исто така играат важна улога, претставувајќи им ги на своите купувачи сите можности и новитети во оваа област.

Наша амбиција е овој весник да стане барано четиво меѓу сите Вас, а за тоа ќе се потрудиме со нашите статии кои ќе нудат информации, стручни совети, наши и Ваши искуства, но ќе имаат и забавен тон, со цел за Ваша релаксација и задоволство при читањето. Притоа, основен мотив ќе ни биде унапредување на Вашата дејност како професионалци од оваа област.

Со првиот број најмногу место ќе му посветиме на нашето претставување, но ќе одвоиме простор и за информации и некои стручни совети кои ќе Ви бидат од корист.

Со надеж дека ќе имате пријатни моменти читајќи го овој весник.

Со почит,
ЈУБ д.о.о.е.л. - Скопје

SIQ
ISO 9001 Q-159
ISO 14001 E-034
CERTIFIED IQNet MANAGEMENT SYSTEM

# ЈУБ Академија



***Дејан Костов***
*комерцијалист*



Со самото отварање на ЈУБ – Македонија, формиран е едукативен тим од двајца предавачи и демонстратор, кои на современ начин им пренесуваат информации на трговци, изведувачи и архитекти на пазарот во Македонија. Во текот на 2008 планирани се 30 стручни презентации низ Македонија, од кои одржани се 17 со вкупно 446 слушатели и тоа во Скопје, Тетово, Гостивар, Охрид, Прилеп, Кичево, Битола, Куманово, Велес и Свети Николе. Интересирањето за овој вид едукација е големо, како и потребата на изведувачите за нови и коректни информации директно од производителот, така да веќе се закажани нови презентации за наредниот период.





По желба на изведувачот можно е да се направи и посебна тематска презентација за одредена група на производи. ЈУБ ја почитува желбата на поедини изведувачи, кои сакаат да се специјализираат за одредени производи, и да постигнат врвни резултати во нивната изработка (примена).

JUB
АКАДЕМИЈА

# ЈУБ Академија

JUB АКАДЕМИЈА

**Календар на одржани презентации во 2008 година**

| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА | ТЕМА | ПРИСУТНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|
| 19.02.2008 | Емиртон | ОХРИД | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 32 |
| 20.02.2008 | Дарепромет/Фаворит | ТЕТОВО | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 20 |
| 20.02.2008 | Примавера | ГОСТИВАР | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 42 |
| 12.03.2008 | Карера | ШТИП | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 18 |
| 19.03.2008 | Била | БИТОЛА | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 22 |
| 19.03.2008 | Хемитек | ПРИЛЕП | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 28 |
| 20.03.2008 | Шварц | БИТОЛА | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 15 |
| 25.03.2008 | Јупп | СТРУМИЦА | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 16 |
| 27.03.2008 | Алма | КИЧЕВО | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 28 |
| 11.04.2008 | Хромак | КУМАНОВО | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 17 |
| 04.04.2008 | Универзал Комерц | СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 12 |
| 23.04.2008 | ЈУБ | СКОПЈЕ | архитекти | ЈУБ-ов асортиман производи | 12 |
| 22.05.2008 | Трегукос | ПЕЌ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 50 |
| 29.05.2008 | Мајстор-Методија | СВЕТИ НИКОЛЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 19 |
| 20.06.2008 | Универзал Комерц | СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 20 |
| 07.10.2008 | ЈУБ доoел Скопје | СКОПЈЕ | архитекти | ЈУБ-ов асортиман производи | 30 |
| 15.10.2008 | Киа Профи | СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 35 |
| 22.10.2008 | ЈУБ доoел Скопје | ВЕЛЕС | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 30 |



# JUB JUMIXsistem

Во денешно време светски тренд е да се уредуваат домовите во хармонија со природата. Оваа хармоничност се постигнува со обојување на ентериерот и екстериерот. Таквиот тренд го следи и ЈУБ со неговиот систем за нијансирање на внатрешни и надворешни бои. ЈУБовите бои не само што се претопуваат во природата со нивната хармоничност на тоновите, туку тие се грижат за неа. Сите ЈУБови бои се еколошки и ја чуваат природата.

Нашите домови веќе не се обоени само во бело, туку сé повеќе се бара да се разбие монотонијата на една боја со тонирање и нијансирање на просторот. За таа цел ЈУБ има развиено JUMIX систем за нијансирање (тонирање) на своите производи.

JUMIX системи за нијнсирање се инсталирани во поголемите малопродажни објекти во градовите низ Македонија.

Она по што се разликува JUMIX ситемот од останатите микс системи е:

- Нема отстапување на добиената нијанса од одбраната,
- Сите ЈУБ-ови производи се нијансираат во 350 нијанси по ЈУБ тон картата,
- Постојаност на нијансата на зидните површини и гаранција од 10 години,
- Од 2008 година дел од ЈУБ-овите производи можат да се нијансираат во 3000 нијанси по NCS тон картата.






За полесно да го пронајдете JUMIX системот за нијансирање, секаде каде што е инсталиран, објектот е видно обележан со JUMIX светлечка реклама.

| Скопје | |
|---|---|
| Универзал Комерц | ул. Места 2 |
| Универзал Комерц | ул. Качанички пат бб |
| Компанија Велкоски | ул. Првомајска бб |
| АБА Ком | ул. Антон Попов бб |
| Спектар Колор МС | ул. Ратко Митровиќ 75б |
| Јуболак | ТЦ Порта Влае блок 4/3 |
| Меридијан Бец | Сарај-Скопје |
| Белина | Гиго Михаловски 4/13 Драчево |
| С-Ком | ул. Сава Ковачевиќ 4б |
| **Гостивар** | |
| Лони АГ | ул. Срета Крстевски бб |
| Лукс | ул. ЈНА бр.81 |
| **Струга** | |
| Јетон Комерц | ул. Маркс и Енгелс бр.29 |
| **Охрид** | |
| Емиртон | ул. Дејан Војвода бр.5 |
| Стил Инжинеринг | ул. 7-ми Ноември бр.72 лок.2 |
| **Битола** | |
| Била | ул. А. Турунџе бр.46 |
| Шварц | ул. А. Турунџе бр.64 |
| **Прилеп** | |
| Хеми Тек | ул. Браќа ламески бр.28 |
| **Струмица** | |
| Пајче дооел | ул. Балканска бр.35 |
| Декор 1 | ул. Гоце Делчев бр.11 |
| **Штип** | |
| Карера | ул. Пролетерска бр.34 |
| **Куманово** | |
| Хромак | ул. Индустриска Зона бб |
| ДБД Комерц | ул. Индустриска Зона Карпош |



# Во фокусот



*Полудисперзни и дисперзни бои за ентериери*

**Кузман Стефановски**
*дипл. технолог*

Квалитетот, цената и пред сé еколошките карактеристики се основните мерила со кои обично се карактеризира секоја боја за внатрешни ѕидни или тавански површини.
Имено, и покрај големата понуда на бои за внатрешни ѕидни површини на пазарот (ширум трговската мрежа), со право ќе ги издвоиме нашите производи, пред се кога станува збор за квалитетот и сите воспоставени еколошки норми за нивно производство, за што зборуваат сертификатот за квалитет ISO 9001 и сертификатот за заштита на животната средина ISO 14001. Голема е ЈУБ-овата палетна програма кога станува збор за овие бои, а пред сé опфаќа повеќе типови полудисперзни и дисперзни бои.
Како **полудисперзни** бои за внатрешни ѕидни или тавански површини, од ЈУБ овата производна програма ги издвојуваме следните бои со нивните трговски имиња:

- Jupol
- Jupol ekonomik
- Jupol citro
- Jupol koncentrat
- Jupol rustikal
- Jupol silikat

додека од **дисперзните** бои ги издвојуваме следните:

- Jupol gold
- Jupol briljant
- Jupol trend
- Jupol junior,

како и латексната боја Jupol latex во мат, полумат и сјајна варијанта. Најупотребувана полудисперзна боја од палетата на ЈУБ кај нас секако е JUPOL (со цветот како заштитен знак на амбалажата), а најупотребувана дисперзна боја е JUPOL GOLD .







# Дилеми и појаснувања

Како прво прашање кое веднаш се поставува кога се зборува за овие полудисперзни и дисперзни бои, е всушност која е нивната разлика, па и одговорот едноставно ќе го дадеме преку споредба на нивните карактеристики, односно заедничко за полудисперзните и дисперзните бои (од ЈУБ овата палетна програма) е:

- Големата покривната моќ,
- Отпорноста на суво триење,
- Пареопропусноста,
- еколошките карактеристики на составните компоненти,
- % на разредување со вода,
- времето на сушење меѓу поединечните слоеви
- нијансирање на JUMIX системот.

**Полудисперзните бои**:

-не се отпорни на мокро триење,

-се нијансираат главно во пастелни и средни нијанси, т.е неможност за нијансирање во темни (интензивни) нијанси.

**Дисперзните бои**:

- отпорни се на мокро триење (класифицирани по класи во зависност од типот на дисперзната боја),
- се нијансираат во сите нијанси по ЈУБ овата тон карта, односно во пастелни, средни и интензивни нијанси добиени од готови бази, а од оваа година и по NCS тон картата.

Од наведеното лесно може да се види разликата во квалитет на едните во однос на другите бои, и да се даде одговор на прашањето **зошто** полудисперзните бои се со пониска цена во однос на дисперзните.
Она што е интересно да се напомене за нашите бои (како за дисперзните, така и за полудисперзните) е фактот дека се работи за покривни а тенкослојни бои, за кои важи правилото според кое истите можат да бидат нанесени дури 18 пати врз ѕидни и тавански површини, а при тоа не се формира дебелослоен филм кој би испукал, за што како потврда се и лабораториските тестирања при примената на овие типови бои.

# Нови производи 2007

***Кон крајот на минатата година, ЈУБ на пазарот ги пласира и своите нови производи во полето на хидроизолацијата ,односно производите со трговски имиња ХИДРОЗОЛ и ХИДРОЗОЛ ЕЛАСТИК, како и високопокривната дисперзна боја за внатрешни површини ЈУПОЛ ТРЕНД.***




## HIDROZOL

Претставува прашкаста (еднокомпонентна) смеса на база на цемент, кварцен песок и специјални додатоци, кои ја прават смесата водонепропустлива, и се употребува за хидроизолација на надворешни и внатрешни (хоризонтални и вертикални), цементни и бетонски површини, како што се: цистерни за вода, канализациони системи, бетонски огради и друго.

Не содржи додатоци кои би можеле негативно да влијаат на арматурата, односно на бетонот.

Хидрозолот, како производ, поседува сертификат за негово безбедносно користење при хидроизолација на резервоари каде се складира вода за пиење.

По мешањето во одреден сооднос со вода, се нанесува едноставно, со четка, или челична глетарка во најмалку 2 наноса (препорачливо е во 3 наноса), така да максималната дебелина на сите наноси не преминува 3mm.

## HIDROZOL elastik

Сите карактеристики својствени за Хидрозол, важат и за Хидрозол еластикот, со надополнување дека Хидрозол еластикот го употребуваме и за хидроизолација на надворешни и внатрешни (хоризонтални и вертикални), цементни и бетонски површини, пред вградување (лепење) на керамички плочки во купатила, на тераси, балкони и базени.

Исто така, се употребува и за еластична водонепропусна заштита на цистерни за вода, канализациони системи и друго.




## jupoltrend




Претставува еколошка внатрешна дисперзна боја, за ѕидови и тавани во станбени објекти.

Произведена е во 9 готови интензивни нијанси од по 2,5 lit. и отпорна е на суво и мокро триење. Бојата е со добра пареопропусност и пријатен мирис.

Големата покривна моќ, како нејзина главна карактеристика, овозможува да се нанесе во **еден слој** врз површините кои се бојат, употребувајќи кратковлакнест бојаџиски валјак.

Се разредува со вода максимум до 5%, а подлогата треба претходно да биде импрегнирана со основен премаз Akril emulzija (разредена со вода во однос 1:1).

Готовите нијанси можат меѓусебно да се мешаат, како и дополнително да се нијансираат со нашите средства за нијансирање (Dipi color, Dipi koncentrat,Uniton).

# Нови производи 2008

*Како и секоја година, така и оваа на задоволство на многу изведувачи, трговци и секако купувачи, ЈУБ на пазарот пласира неколку нови производи: ЈУПОЛ ЈУНИОР, НИВЕЛИН РЕПАРАТУР, како и нова (виолетова) нијанса од комплетот за рачно нијансирање ДИПИ КОЛОР.*

## jupol junior

Претставува еколошка внатрешна дисперзна боја за ѕидови и тавани во станбените објекти, а посебно за боење во детските соби, пред сé поради еколошките карактеристики на компонентите кои ја сочинуваат истата и максималната безбедност при контакт на најмладите (децата) со неа.
Произведена е во 6 светли (пастелни) нијанси од по 2,5 lit. и отпорна е на суво и мокро триење. Бојата е со добра пареопропусност и пријатен мирис.
Посебно што ја карактеризира оваа боја е нејзината голема покривна моќ, така да доволно е нанесување само во **еден слој**, употребувајќи кратковлакнест бојаџиски валјак.
Се разредува со вода максимум до 5%, а подлогата треба претходно да биде импрегнирана со основен премаз Akril emulzija (разредена со вода во однос 1:1).
Готовите нијанси можат меѓусебно да се мешаат, како и дополнително да се нијансираат со нашите пигменти и средства за нијансирање (Dipi color, Dipi koncentrat, Uniton).







## NIVELIN REPARATUR

Претставува репаратурен кит во прав, изработен врз база на гипс и додатоци, наменет е за исполнување на подлабоки процепи, фуги, пукнатини, отвори и вдлабнатини кај внатрешни ѕидни и плафонски површини, и е подобрена варијанта на нашиот Хоби кит (подолго отворено време за работа т.е. 35-45 минути). Пакувањето е само во вреќи од 15 kg и се нанесува со челична лопатка за измазнување во дебелина до 3,0 cm, а на одделни места и до 5,0 cm.

## dipi color -violet

Со цел да се докомплетира (согласно потребите на пазарот), бројот на нијанси на пигментите за рачно нијансирање, ЈУБ на пазарот пласира нова – виолетова нијанса од комплетот за рачно нијансирање DIPI COLOR.
И овој течен пигмент ги има истите карактеристики како и останатите осум, т.е. се користи само за рачно нијансирање на внатрешни бои, и тоа само за добивање на посветли (пастелни) тонови.



# Од наш агол

## Саем на градежништво 2008




На изминатиот саем на градежништво одржан на Скопскиот саем од 04.03 – 08.03.2008 година, поголем број домашни и странски производители ги претставија своите производи, почнувајќи од производите за завршни работи во градежништвото, градежна механизација, алати и слично.

Од странските фирми, а воедно и носители на овој саем, беа главно фирми од Турција (околу 20), кои се претставија преку фирми производители на пластични маси (цевки, гранулат...), машини за обработка на метал, производи од дрво, керамика, додека нивни производители на бои, лепила и слично немаше застапено.

Она што можеше да се забележи на овој саем, беше големото присувство на производители и трговци со стиропор, стиродур, и минерална волна, застапени со штандови речиси во секоја од четирите хали на саемот.



Во четвртата хала на саемот, ЈУБ излезе со сопствен штанд, во кој претстави дел од својата производна програма, претставена преку примероци изработени од завршен акрилен (пердашен,измазнет) декоративен малтер, дисперзни бои (Јупол Брилјант, Јупол Голд, Јупол Тренд и Јупол Латекс), како и примероци од сите декоративни материјали за внатрешни површини, и тоа аплицирани на поголема површина од гипс картонски плочи. Голем интерес кај посетителите предизвикаа декоративните техники на боење: Марморин - тенкослојна техника, Арт колор - глатка и релјефна техника, како и Јубосил Антик со техника на нанесување преку дебелослојна глет маса и нанесен преку специјална силикатна подлога, а исто така внимание предизвикаа и Акрил Декорот нанесен преку Јупол Голд, и декоративните Јуфикс тапети од стаклени влакна пребоени со латексна боја.

Од рекламниот материјал кој се подели на штандот на секој заинтересиран посетител, најголем впечаток оставија компакт дисковите со комплетната производна палета на ЈУБ, а пред сé постапката на вградување Јубизол фасада, на задоволство на голем број изведувачи на термофасади.

Генерално гледано, изминатиот саем за градежништво беше добро посетен, а штандот на ЈУБ го посетија повеќе од 400 посетители (мајстори, изведувачи, трговци, архитекти, инвеститори..) главно домашни комитенти, како и од Косово, Албанија и други земји од регионот.



# ЈУБ Инфо центар



**Ѓоко Василев**
*инструктор на примена на материјали*

Во инфо центарот на ЈУБ, постои можност да добиете совети, предлози и решенија, за материјалите од Јубовата палета на производи и нивна примена. Исто така во просториите на ЈУБ постои работилница каде што може и практично да се демонстрира вградување на нашите материјали. Во истата просторија организираме и обука на изведувачи, преку која изведувачите можат да се запознаат со нашите производи, а исто така на полесен и правилен начин да ги вградат истите. За оние изведувачи кои веќе ја поминале обуката, а и оние кои ќе ја поминат во иднина, ЈУБ ќе доделува сертификати. Сертификатите ќе имаат повеќекратно значење како за самите изведувачи така и за инвеститорите. Со ова на инвеститорите им се нуди највисок стандард на квалитет при вградување на нашите материјали. Во 2007 година низ Јубовиот инфо центар поминаа повеќе од 120 мајстори, инвеститори и трговци.

Во 2008 година до сега обучивме повеќе од 180 посетители што зборува дека интересот за информирање, едукација и обука е сé поголем. Посетителите, своето задоволство го пренесуваат и кај други луѓе кои немале можност да се сретнат со овој начин на работа.









# ЈУБ дружење

Почнувајќи од 2007 година, ЈУБ организира еднодневна екскурзија за свои соработници на традиционалниот собир на трубачи во Гуча, Р. Србија. Оваа година на собирот беа поканети изведувачи-фасадери од поширокиот регион, меѓу кои и еден автобус на фасадери од Р. Македонија.

Со традиционален ручек и здравица, гостите беа срдечно поздравени од страна на домаќините. Два часа на слободни активности беа доволни да се запознае и почуствува духот на Гуча со уличните трубачи.

Најавената вечерна програма започна со поздравен говор од раководството на ЈУБ, и продолжи со музика на познат трубачки оркестар, танчарки и натпревар во пиење пиво со многу награди и признанија, сé до доцните вечерни часови...

По полноќ, автобусите ги чекаа сите оние кои беа дел од овој настан за враќање назад.

Сé додека ЈУБ-овиот караван не нé одведе на некоја нова и поинтересна локација, им се враќаме на секојдневните обврски и активности.












# ЈУБ Инспирира





**_Катерина Бошкова_**
*совет и едукација*

Боите се нашиот најголем благодет од природата, тие не опкружуваат секаде каде и да сме. Кога се наоѓаме во природата уживаме во складноста и хармоничноста на боите. Така е во природата, но кога станува збор за нашиот дом, работите изгледаат поинаку. Употребувањето на боите со чувство и знаење, можат обичниот и мал дом да го претворат во вистински рај и обратно, раскошниот дворец да го претворат во страшен замок.

Работата со ентериерот, на поголемиот број инвеститори им претставувава мачна и тешка работа, која може да им зададе непредвидени проблеми.Така е и со боењето на ѕидовите, кое е асоцијација на нешто што би требало да се одложи, а кога ќе се одлучат на нешто такво, тогаш е проблем која нијанса да се употреби и во комбинација со која друга нијанса, за да сé изгледа беспрекорно убаво.

Најчесто, се консултираат со трговците и изведувачите. На некои тоа им претставува задоволство, а на некои проблем. На оние на кои им претставува проблем ги советуваме на инвеститорите, да им го препорачаат ЈУБ Дизајн студиото.

Со желба да им помогнеме на трговците и инвеститорите, почнавме со работа во ЈУБ Дизајн студиото.

ЈУБ Дизајн студиото има за цел да помогне со предлог при изборот на материјалите, нијансите и изведувачите, да ве информира каде да ги набавите препорачаните материјали, како и да ви овозможи комплетен надзор над изведбата на работите.

Во овој број на ЈУБ магазинот ќе зборуваме за симболизацијата и асоцијацјата на некои бои, како и за тоа каде би ви ги препорачале да се нанесат истите.

**ЦРВЕНА БОЈА:**
Симболизира: Љубов, неизбежност, солидарност.
Асоцијација: Опасност, страст, енергија, топлина, оптимизам, љубов.
Препорака: за дневна соба во која сакаме да доминира друштвеното чувство и чувство на припадност.

## Одберете ја Вашата боја

**ЗЕЛЕНА БОЈА:**
Симболизира: хармонија, сигурност, стабилност.
Асоцијација: природа и енергија, се смета за боја која внесува свежина со природен баланс на топли и ладни тонови.
Препорака: за спални соби.

**СИНА БОЈА:**
Симболизира: сонување, сонови или визии, оддава нежност, префинетост и скриени чувства.
Асоцијација: боја на небо и океан, секогаш присутна во нашиот живот, боја на духот и опуштањето.
Препорака: за работни простории и спални соби.

**ЖОЛТА БОЈА:**
Представува: енергија, стимулација, восхитување.
Асоцијација: сонце, енергија, силно чувство и интуиција. Често се комбинира со други бои на пример, во комбинација со црвената боја дава ефект на топол изглед, во комбинација со зелена и окер боја дава природен изглед.
Препорака: за кујни, за дневна соба која има поглед на северна страна.



# JUB DesignStudio

Во ЈУБ Дизајн Студиото Ви се дава можност да видите како би изгледал вашиот дом однадвор, или внатрешниот простор изработен со боите и декоративните малтери на ЈУБ.

Приказ на фасада во Скопје која е изработена во нијанси по желба на инвеститорот.



Моментална состојба на терен.



Избор на нијанси

## Предлог решенија:



ЈУБ 5561 - црвена; ЈУБ 4641 - сива



ЈУБ 2152 - кајсија; ЈУБ 2153 - кајсија
ЈУБ 4641 - сива



ЈУБ 5542 - жолта; ЈУБ 4642 - сива





Традиционалоно, на секои две години, во Умаг-Р.Хрватска се одржува спортско дружење на вработените во ЈУБ. На овие активности учесво земаат вработените од сите земји каде што ЈУБ има своја фирма. Овде се собраа претставниците од :

- ЈУБ Словенија,
- ЈУБ Србија,
- ЈУБ Чешка,
- ЈУБ Босна и Херцеговина,
- ЈУБ Хрватска,
- ЈУБ Русија,
- ЈУБ Германија,
- ЈУБ Словачка,
- ЈУБ Унгарија.

На оваа средба, организирани се повеќе видови на натпревари и тоа во фудбал, кошарка, тенис, одбојка и бадминтон. За да биде сé во духот на нашата компанија, секој од учесниците беше облечен во маица ЈУПОЛ ТРЕНД во различна боја, зависно од земјата од каде доаѓа. Најдобрите во сите спортови беа наградени со медали од злато, сребро и бронза.
Овој тип на средби првенствено се наменети за меѓусебно запознавање на вработените во целата групација на ЈУБ, како и размена на искуства од работењето.

## ЈУБ Вицотека



Молер оди во лудница да бојадисува, го гледаа двајца пациенти и едниот му вели на другиот:
- Ајде да му ја тргнеме скалата на молерот да падне, ќе се изнасмееме, а?
- Колку си глипав, нели гледаш дека се држи за четката.

## Дали слушнавте ......

Дали сте слушнале за онаа жена, која толку многу ја сакала жолтата боја, што не само што се облекувала во жолто и мебелот и бил жолт, туку и целиот свој стан го пребојувала во жолто. Е, па еден ден добила жолтица, му се јавила на лекарот, овој дошол и кога влегол во нејзината спална соба .........не успеал да ја најде.

## Еден момент од животот со ЈУБ









## Простор за ваши мислења, идеи, критики и фотографии кој може да ни ги испратите на нашиот

e-mail:jubmagazin@jub.com.mk



| | |
|---|---|
| Издава: | ЈУБ д.о.о.е.л - Скопје |
| Адреса: | бул. Јане Сандански 79а-3 |
| Телефон: | 02/ 24 54 027 |
| E-mail: | jubmagazin@jub.com.mk |
| Редакциски одбор: | ЈУБ д.о.о.е.л - Скопје |
| Дизајн и припрема: | Катерина Бошкова |
| Печати: | Макстен графика - Скопје |


JUB
Не е доволно
боите да се пријатни за очите...
...оние најдобрите
се пријатни и за здравјето.
jupol®
JUB
jupol
notranja barva
пареопропусна внатрешна боја
JUB ИНФО : 070/355-135 ; 02/24 54 027